**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**

**Агенција за заштита на личните податоци**
**Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale**

Бр. 04-961/20
15.9.2020 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), генералниот секретар на Агенцијата за заштита на лични податоци, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати за работните места број 1 и 4 по Интерен оглас бр. 01/2020 за унапредување на шест административни службеници

1. Во врска со Интерниот оглас бр. 01/2020 за унапредување на шест административни службеници објавен на 3.9.2020 година, а според Записникот од спроведено интервју со финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат бр. 04-961/18 од 14.9.2020 година од Комисијата за селекција за унапредување на административен службеници формирана со Решение бр. 04-961/6 од 10.9.2020 година, **СЕ ИЗБИРААТ**:
   - за работното место број 1: УПР 01 01 Б02 000 – Раководител на сектор за ИКТ (информатички и комуникациски технологии), Сектор за ИКТ (информатички и комуникациски технологии), кандидатот **Ангел Тодоровски**,
   - за работно место број 4: УПР 01 01 Б04 000 – Раководител на одделение за стручно-оперативна поддршка, Одделение за стручно-оперативна поддршка, Сектор за правни работи и стручно-оперативна поддршка, кандидатот **Сања Николовска**.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на веб-страницата на Агенцијата за заштита на личните податоци.
3. Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, ќе се донесат решенија за унапредување на административните службеници.

### Образложение

По добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-1406/2 од 3.2.2020 година за унапредување, Агенцијата за заштита на личните податоци на ден 3.9.2020 година објави на веб-страницата на Агенцијата и веб-страницата на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр. 01/2020 за унапредување на шест административни службеници.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од страна на генералниот секретар на Агенцијата, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со Решение бр. 04-961/6 од 10.9.2020 година за работните места со број 1 и 4.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата спроведе административна селекција за што состави Записник бр. 04-961/17 од 14.9.2020 година. По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе

интервју, за што е составен Записник од спроведено интервју со финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат бр. 04-961/18 од 14.9.2020.

Оттука, врз основа на Записникот од административната селекција и Записникот од спроведеното интервју со финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, а според вкупно освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата ги достави на понатамошно постапување на ден 14.9.2020 година до генералниот секретар на Агенцијата.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи го предвид наведеното, генералниот секретар на Агенцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**Генерален секретар,**
**Леонора Кадрији**

Доставено до:
- Кандидатот,
- Човечки ресурси,
- Архива.

Изработиле: М.М.
С.Н.

бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, П. фах 417, 1000 Скопје
bul. Goce Delçev nr. 18, F. Postar 417, 1000 Shkup
тел./tel.: ++ 389 2 3230-635; www.dzlp.mk; e-mail: info@privacy.mk